Врз основа на член 50, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), а во врска со Програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2021 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје бр. 25/2020"), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје објавува

**ОГЛАС**
**за доделување на спортски стипендии на талентираните спортисти од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар во учебната 2021/2022 година**

Општина Центар –Скопје за учебната 2021/2022 година ќе додели стипендии за талентирани ученици од VI до IX одделение од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар –Скопје.

## I. Услови за доделување стипендија

Учесниците на огласот треба да ги исполнуваат следните услови:
- да се жители на Општина Центар
- спортистите да се редовни ученици од VI до IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар.

## II. Критериуми за доделување стипендија

Спортистот потребно е да има постигнување на точни (индивидуални) спортски резултати, добиени и потврдени од националните спортски федерации за период од 1.9.2019 година до 1.9.2021 година и да се во согласност со календарот за натпревари на матичните национални и меѓународни федерации:

- Освоено индивидуално прво место (1 бод) на државно првенство;
- Балканско првенство прво место (2 бода);
- Европско првенство прво место (3 бода);

Останатите успеси и резултати кои не се во согласност со календарот на натпревари од националните и меѓународните спортски федерации, нема да се земаат во предвид.

## III. Потребни документи

Со барањето учениците-спортисти на огласот треба да достават:
- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик од VI до IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Центар;
- Биографија на спортистот;
- Важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 1.9.2019 година до 1.9.2021 година.

## IV.  Висина на стипендијата и рангирање

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500 денари и 3.000 денари месечно за осум месеци во текот на учебната  2021/2022 година:

- За освоени два бода, висината на стипендијата изнесува 2.500 денари месечно;
- За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000 денари месечно.

Кандидатот својата апликација има право да ја поднесе, доколку претходно нема добиено стипендија од  други институции.

## V.  Начин на пријавување

Документите треба да се доставуваат до архивата на Општина Центар-Скопје или по пошта на ул. „Михаил Цоков" бр.1 – Скопје, со назнака „ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СПОРТСКИ СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР".

## VI. Рок на поднесување  документи

Рокот за поднесување на документите е 30.9.2021 година.
Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени, нема да бидат разгледувани.

- ❖ Секој заинтересиран ученик може да поднесе докуменнти само на еден (1) оглас-култура, наука или спорт. Доколку поднесе во различни категории, документите нема да бидат разгледувани.